# ОТВОРЕН ПОВИК

# ЗА

# ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА И МОДЕРИРАЊЕ НА НАСТАНИ

Во рамки на проектот ,,Заштитени подрачја за луѓето и природата II", спроведуван од Еко-свест во партнерство со WWF Adria, **објавуваме повик за правни и физички лица за техничка поддршка и модерирање на настани.**

## АКТИВНОСТИ

1. Активност 1 - Соработка со институции- онлајн настан на тема финансирање на заштитени подрачја;
2. Активност 2 - Структурен дијалог со релевантни чинители, институции и НВО за изработка на заеднички ставови- онлајн настан за иднината на заштитените подрачја и начинот на нивното управување.

## ЗАДАЧИ

Избраното физичко или правно лице треба:

- Да соработува и да ги следи насоките за спроведување на онлајн настаните од лицето назначено за комуникација од Еко-свест;
- Да ги спроведе сите подготвителни активности пред организирање на онлајн настаните што се однесуваат на организирање на настаните, да ги исконтактира релевантните институции, организации, компании и други засегнати страни кои имаат активности на темите со цел нивно учество во онлајн настаните;
- Да ги организира и модерира онлајн настаните преку Zoom платформата (линкот ќе биде обезбеден од страна на Еко-свест), како и да обезбеди логистичка и техничка поддршка за време на настаните;
- Да изготви краток извештај) од онлајн настаните кои ќе вклучуваат податоци за бројот на учесници, слики од настанот (screenshot) и дневниот ред на настанот.

*Регионалниот проект „Заштитени подрачја за природата и луѓето II" е реализиран од WWF Adria со поддршка од Шведската Агенција за Меѓународна Развојна Соработка (SIDA).*

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Периодот за реализација на овие активности е 30.09.2021 година.

Вредноста на договорот не може да надмине 30 180,00 денари (490 евра во денарска противвредност) со вклучен ДДВ износ за правните лица, односно персонален данок за физичките лица.

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

При аплицирањето, заинтересираните правни лица треба да достават:

1. Краток опис на компанијата;
2. Тековна состојба, не постара од 6 месеци.

Заинтересираните физички лица треба да достават:

1. Лична биографија (CV).

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИКАНТИТЕ**

Правните лица кои аплицираат мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Активна компанија, здружение или фондација формирано/а согласно Законите во Северна Македонија, и постои најмалку 3 години;

2. Најмалку 5 (претходно) организирани/ модерирани онлајн настани преку Zoom платформата.

Физичките лица кои аплицираат мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Најмалку 5 (претходно) организирани/ модерирани онлајн настани преку Zoom платформата.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ**

Евалуационата комисија го задржува правото да го извести само оној понудувач чија понуда ќе биде избрана. Кандидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:

- Претходно искуство во спроведување на слични активности 80 бодови

- Профил/ биографија 20 бодови

Вкупно 100 бодови.

Договор ќе биде склучен со она правно или физичко лице кое освоило најголем број бодови.

Sweden Sverige

*Регионалниот проект „Заштитени подрачја за природата и луѓето II" е реализиран од WWF Adria со поддршка од Шведската Агенција за Меѓународна Развојна Соработка (SIDA).*

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Комплетната понуда, апликантите треба да ја испратат на email: acolovic@wwfadria.org **најдоцна до 8 септември 2021 г. 00:00 часот,** со назнака Апликација за техничка поддршка и модерирање на настани.

Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид.

*Регионалниот проект „Заштитени подрачја за природата и луѓето II" е реализиран од WWF Adria со поддршка од Шведската Агенција за Меѓународна Развојна Соработка (SIDA).*